Врз основа на член 15, став1, точка 2, како и член 6 од Законот за Градот Скопје („Службен весник“ на РМ бр.55/04 и 158/11), член22, став1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник“ на РМ бр.5/02), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2024 година, дел II точка Проектни активности, точка 1. Одделение за екологија, потточка 1.5.1 Субвенционирање на купување велосипеди и електрични тротинети, („Службен Гласник“ - Општина Карпош бр. 16/2023)

## ЈАВЕН ОГЛАС

**за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување на нови велосипеди и електрични тротинети**

Општина Карпош од 07.02.2024 (среда) започнува со спроведување на акцијата со која ќе се субвенционира 30 % од цената на купување на нов велосипед, или во максимален финансиски износ најмногу до 4.500 денари и купување на електричен тротинет со 30 % од цената, односно најмногу до 6.000 денари. Право на субвенционирање во оваа акција ќе има секој полнолетен жител на Општина Карпош, кој ќе купи нов велосипед или електричен тротинет започнувајќи од 07.02.2024 година (среда). Потребни документи за субвенционирање на велосипеди и електрични тротинети се:

- Барање за субвенција за купување на нов велосипед или електричен тротинет

- Изјава за согласност за обработка на лични податоци,

  - Лична карта (фотокопија)

  - Трансакциска сметка, (фотокопија)

- Фискална сметка или фактура за купен велосипед или електричен тротинет, кој е купен не порано од 07.02.2024 година (среда).

- Жителите кои веќе оствариле право на субвенција во тековната година и добиле средства по истата од Град Скопје, немаат право да учествуваат по огласот.

Барањата со комплетна документација ќе се доставуваат до архивата на Општина Карпош (барака 2). По поднесувањето на документите, подносителите во писмена форма ќе бидат известени дали ќе бидат корисници на предвидените средства за субвенција за купување на нов велосипед и електричен тротинет. Оваа акција ќе трае до исцрпување на средствата, а ќе важи принципот „прв дојден, прв услужен“.

Исплатата на средствата, согласно законските прописи ќе се изврши по завршувањето на изборниот процес.

Правото на субвенција е еднократно.

За сите дополнителни информации, граѓаните можат да се обратат кај координаторот на проектот Марко Петрушевски

Телефон за контакт: 078/486-063.

ОПШТИНА КАРПОШ